**МАКЕДОНСКО АРХЕОЛОШКО ДРУШТВО**
MACEDONIAN ARCHAEOLOGICAL SOCIETY
КЕЈ ДИМИТАР ВЛАХОВ БР. 19, 1000 СКОПЈЕ | KEJ DIMITAR VLAHOV No. 19, 1000 Skopje | macad.acta.archaeol@gmail.com | +389 78 366 110

Македонско археолошко друштво
Бр. 03-22/1
19.05.2022 година
Скопје

# ИЗВАДОК

Од нацрт записникот од одржаната јавна трибина на тема:
Потребите од промена на Правилникот за археолошки истражувања,
одржана на 20.04.2022 год. во ОУ Музеј на град Неготино,
организирана од Македонското археолошко друштво

На ден 20.04.2022 година, во просториите на ОУ Музеј на град Неготино, Македонското археолошко друштво одржа јавна трибина на тема: *Потребата од промена на Правилникот за археолошки истражувања*. На трибината присуствуваа членови на Македонското археолошко друштво, како и делегирани претставници од националните и локални музеи и установи за заштита на спомeничното наследство, високообразовните и научни институции, како и од Управата за заштита на културното наследство. На самата трибина говореа: д-р Драги Митревски редовен професор на Филозофскиот факултет при УКИМ, д-р Силвана Блажевска кустос советник во НУ Стоби, д-р Сања Ивановска Велкоска конзерватор советник во НУ Национален конзерваторски центар на Македонија, д-р Христијан Талевски научен соработник во ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп, Ване Секулов кустос советник во НУ Завод и музеј Струмица и м-р Билјана Јовановска раководител на Сектор за идентификација, заштита и користење на културното наследство при Управата за заштита на културното наследство. По долгата дискусија се донесоа следните

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. **Донесување на итни измени и дополнувања на Закон за заштита на културното наследство, во делот којшто ги регулира археолошките истражувања и случајните наоди.** Законот за заштита на културното наследство како повисок правен акт од кој произлегуваат подзаконските правни акти меѓу кои и Правилникот за археолошки истражувања од донесувањето во 2004 година (Сл. Весник 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19) до сега има претрпено шестнаесет промени, од кои ниту една не е во правец за измени и дополнувања во делот кој ги дефинира археолошките истражувања. Ваквата состојба доведува

до неусогласености, но и контрадикторности со останатите закони, како што е Законот за музеи, како и подзаконскиот акт Правилник за археолошки истражувања. Ова го отежнува реализирањето на археолошки истражувачки проекти, почнувајќи од самата подготовка, низ реализацијата па сè до финалното доставување на извештаите. Заради ова потребни се промени во Законот за заштита на културното наследство особено во делот којшто ги регулира археолошките истражувања и случајните откритија (Глава IV, оддел 2) а се однесуваат на:

- Пропишување на категорија студиски материјал и негово изземање од водењето во музејскиот инвентар;
- Прецизно типолошко определување на различните пристапи на археолошки истражувања;
- Дефинирање на компетенциите кои треба да ги поседува стручниот раководител за различен вид на археолошко истражување;
- Прецизирање на превентивните мерки за заштита на културното наследство, особено на мерките за превентивна заштита на недвижното културно наследство;
- Поедноставување на потребните документи за добивање на Дозвола за употреба на опрема за детекција за (1) Научни установи регистрирани за вршење на работи од областа на археологијата, (2) Јавни установа за заштита од областа на музејската и споменичката дејност.

2. **Донесување на измени и дополнувања на Закон за музеите во делот на Општите одредби.** Законот за музеите познава само музејски предмет и музејски материјал, (Сл. Весник 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15, 39/16, 103/21). Ваквата состојба предизвикува сериозен проблем за фондот на музејските збирки во коишто се чува материјал прибавен по пат на археолошки истражувања. Во Законот неопходно е да се вклучи и категорија која се однесува на студискиот материјал, каде ќе се пропише и дефинира правна рамка за управувањето со него, негово чување и документирање. Бидејќи според постоечката практика како музејски материјал е определен целокупниот фонд на наоди коишто не спаѓаат во групата на музејски предмети, со ова се создава состојба за пренатрупување на музејските депоа, што резултира со потешкотии во чувањето и документирањето на материјалот. При тоа, мора да се има предвид дека најголемиот дел од овие музејски материјали немаат потенцијал да станат музејски предмети, а нивното стручно и научно значење е во рамките на статистичката анализа. Поради тоа, вклучувањето на категоријата на студиски материјал во Законот за музеи и Законот за заштита на културното наследство овозможува решавање на прашањето околу постапувањето со овој вид материјал, негово складирање и/или депонирање, а истиот да биде изземен од водењето во музејската документација и негово водење единствено во на теренскиот инвентар од ископувањето.

3. **Донесување на Итни измени и дополнувања на Правилникот за археолошки истражувања.** Правилникот за археолошки истражувања претставува подзаконски акт на Законот за заштита на културното наследство кој е донесен

КЕЈ ДИМИТАР ВЛАХОВ БР. 19, 1000 СКОПЈЕ | KEJ DIMITAR VLAHOV No. 19, 1000 Skopje | maced.acta.archaeol@gmail.com | +389 78 366 110

во 2005 година (Сл. Весник 111/05). Самиот правилник има низа недостатоци уште од неговото донесување, а проблемите со кои се соочуваат стручните раководители и членовите на стручните екипи е сè поголем. Одредбите во Правилникот кои ги пропишуваат средствата потребни за вршење на археолошки ископувања и методолошките пристап се во најголема мера застарени и денес се несоодветни. Затоа од голема важност е итно донесување на измени и дополнувања во Правилникот за археолошки истражувања.

4. **Вклученост на претставници на Македонското археолошко друштво во работните тела за изработка на Законот за заштита на културното наследство, Законот за музеите и Правилникот за археолошки истражувања.** Македонското археолошко друштво како најголемо еснафско здружение на професионални археолози што својата дејност ја остваруваат во институциите за заштита од областа на музејската и споменичката дејност, како и од научните и високообразовните установи, бара да биде вклучено во изработката на законските и подзаконските акти чиишто одредби ги регулираат дејноста на археологијата, односно археолошките истражувања и работите коишто произлегуваат од истите, како што е депонирање и чување на археолошките наоди, превентивната заштита итн.

5. **Вклученост на истакнати археолози, кои се докажани во практиката, во рамките на комисиите за доделување на средства преку Годишната програма за проекти од национален интерес на Министерството за култура.** Македонското археолошко друштво апелира до Министерството за култура при формирањето на комисиите за одлучување по пријавените проекти во Годишната програма од национален интерес, особено во дејноста заштита на културното наследство (музејска дејност и заштита на недвижното културно наследство) да вклучи и археолози кои се истакнати со своите научни и стручни резултати. Ваквото барање се должи на тоа што во изминатиот период, во комисиите за селекција на проекти отсуствуваа научни и стручни работници од областа на археологијата, што резултираше со драстично намален квалитет на програмата на Министерството за култура за истражување и презентација на археолошкото наследство.

6. **Анализа на состојбите за истражување и заштита на културното наследство во Р С Македонија од кое ќе произлезат и законските и подзаконските акти.** Македонското археолошко друштво апелира до Министерството за култура пред донесување на законските акти да се направи јавна расправа за законските решенија, потребите од нивна промена, како и применливоста на одредбите во наши услови, особено кога се преземаат законски решенија од други држави, а притоа не се создадени основните услови за нивно практикување кај нас.

Македонското археолошко друштво се надева дека ќе наиде на разбирање од Ваша страна и заедно ќе можат да се изнајдат поволни решенија на законите и подзаконските акти коишто ги регулираат заштитата на културното наследство и музеологијата, особено во делот на вршење на археолошки истражувања и постапување

**МАКЕДОНСКО АРХЕОЛОШКО ДРУШТВО**
MACEDONIAN ARCHAEOLOGICAL SOCIETY
КЕЈ ДИМИТАР ВЛАХОВ БР. 19, 1000 СКОПЈЕ | KEJ DIMITAR VLAHOV No. 19, 1000 Skopje | maced.acta.archaeol@gmail.com | +389 78 366 110

со наодите. Ова ќе биди од огромно значење на нашите членови како луѓе од праксата коишто секојдневно се соочуваат со проблеми коишто произлегуваат од оваа правна регулатива, но исто и Вам како надлежно министерство коешто ја регулира оваа материја. Затоа се надеваме дека Министерството за култура ќе ги разгледа заклучоците донесени на јавната трибина „Потребата од промена на Правилникот за археолошки истражувања" и позитивно ќе одговори на барањата коишто овде се наведени.

- Во прилог список на присутни учесници на одржаната јавна трибина

Неготино, 20.05.2022

Претседател на
Македонското археолошко друштво
д-р Орданче Петров

МАКЕДОНСКО АРХЕОЛОШКО ДРУШТВО